# Како да се јавите на ‘000’ и да добиете преведувач во итен случај

Телефонирајте на Три Нули (000)



Ќе ве прашаат на англиски која служба ви треба:
*“Police, Fire or Ambulance?” (полиција, противпожарна служба или брза помош)*



Ако ви треба преведувач, кажете го вашиот ЈАЗИК на англиски. ***Многу е важно да можете да кажете на англиски кој ЈАЗИК го зборувате.***

Ќе треба малку да почекате додека да ве поврзат со преведувач - *НЕ ЈА СПУШТАЈТЕ СЛУШАЛКАТА*. Потоа вашиот повик ќе биде поврзан со центар за комуникации на службата ESTA. Ќе ве прашаат:

***„Каде е вашиот итен случај?“***

Службеникот на централата ќе ја провери адресата така што ќе ве праша каде е најблискиот агол меѓу две улици, или ќе праша за некој познат објект во близината.



Потоа ќе ве прашаат:

***„Каков е вашиот итен случај?“***

Службеникот на централата ќе постави уште прашања за да прибере колку што е можно повеќе информации.

***Кога службеникот на централата конечно ќе знае каде е и каков е итниот случај, испраќачот ќе ги испрати соодветните служби за итни случаи.***

Тоа ќе се случува додека службеникот на централата продолжува да ви поставува прашања.



Службата за итни случаи пристигнува на местото.



**ESTA 000**

**Saving Time Saving Lives**